Изготвен согласно:
Законот за трговски друштва, член 477 став 14 и член 384 став 7.
Составен дел на овој извештај се Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2023 година.
Одборот на директори го сочинуваат пет члена, од кои два извршни и три неизвршни членови (од нив еден независен неизвршен член).
Ова раководството на АД Фустеларко Борец е одговорно за објективно презентирање на фактичката состојба на друштвото, чија одговорност вклучува обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола, релевантна за подготвување и презентирање на објективни финансиските извештаи.

**ФАКТОРИ И ОКОЛНОСТИ КОИ ВЛИЈАЕА НА РАБОТЕЊЕТО НА АД**

Во призводствениот процес на АД Фустеларко борец во 2023година, се преработиле 2.187 нето тони производ што е за 37% повеќе споредбено со 2022 година, а под планираното за 2023 година за 213 нето тони производ.

Приходите од продажба се зголемени за 22%, а крајниот финансиски резултат е позитивен.

Покрај позитивен финансиски резултат, показателите на економско финансиската состојба покажуваат дека друштвото е во многу добра општа финансиска кондиција.

Друштвото има висок степен на финансиска стабилност, висок степен на кредитна способност и самофинансирање , односно низок степен на задолженост.

Тековните средства (234.4 милиони денари) се 3.5 пати поголеми од тековните обврски (65.9 милиони денари) (оптимална општа ликвидност 2: 1), а паричните средства и побарувањата се поголеми 2.5 пати од краткорочните обврски. АД Фустеларко Борец има висок степен на општа и тековна ликвидност, брзо и навремено ги извршува обврските, има доволни и ликвидни средства (пари и парични еквиваленти) како и континуиран прилив на пари од продажба на стоки и услуги, за да ги исполни сите свои обврски во дадените рокови, што се гледа од табелата:

АД ФУСТЕЛАРКО БОРЕЦ, БИТОЛА

# ПОКАЗАТЕЛИ НА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА ЗА 2023 ГОДИНА

| ОПИС | | ПОКАЗАТЕЛИ (%) | |
|---|---|---|---|
| | | Тековна година | Претходна година |
| 1 | | 2 | 3 |
| I | **ПРОФИТАБИЛНОСТ** | | |
| 1 | Однос на добивка пред оданочување и вкупна актива (во % со една децимала) | 13.3 | 10.5 |
| 2 | Однос на добивка за деловна година и вкупна актива (во % со една децимала) | 13.3 | 10.5 |
| 3 | Однос на добивка пред оданочување и капитал и резерви (во % со една децимала) | 17.1 | 14.4 |
| 4 | Однос на добивка за деловна година и капитал и резерви (во % со една децимала) | 17.1 | 14.4 |
| 5 | Добивка пред оданочување по работник (во денари) | 339.844,00 | 244.764,00 |
| 6 | Однос на загуба за деловна година и капитал и резерви (во % со една децимала) | 0 | 0 |
| 7 | Загуба за деловна година по работник (во денари) | 0 | 0 |
| II | **ЕФИКАСНОСТ** | | |
| 1 | Денови на врзување на залихите (цел број)- однос меѓу производот на вредноста на залихите и бројот на деновите во годината спрема приходите од редовното работење | 66 | 107 |
| 2 | Денови на врзување на побарувањата (цел број)- однос меѓу производот на вредноста на побарувањата и бројот на деновите во годината спрема приходите од редовното работење | 132 | 131 |
| 3 | Денови на плаќање на обврските (цел број)- однос меѓу производот на вредностана краткорочните обврски и бројот на деновите во годината спрема трошоците од редовното работење | 71 | 108 |
| III | **ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ** | | |
| 1 | Финансиска сигурност-учество на капиталот и резервите во вкупната пасива (во % со една децимала) | 77.6 | 72.7 |
| 2 | Степен на кредитна способност- однос меѓу капиталот и резервите, долгор.резервирања и долгорочните обврски со постојаните средства (во % со една децимала) | 219.2 | 220.1 |
| 3 | Степен на самофинансирање-однос меѓу капиталот и резервите, долгор.резервирања и постојаните средства и залихите (во % со една децимала) | 138.2 | 116.1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | Степен на задолженост- однос на вкупните долгови со капиталот и резервите (во % со една децимала) | 25.6 | 33.2 |
| **IV** | **ЕКОНОМИЧНОСТ** | | |
| 1 | Однос меѓу приходите и расходите од работењето (во % со една децимала) | 114.7 | 111.8 |
| 2 | Однос меѓу финансиските приходи и финансиските расходи (во % со една децимала) | 23.6 | 68.9 |
| 3 | Однос меѓу редовните и финансиските приходи и редовните финансиски расходи (во % со една децимала) | 114.0 | 111.5 |
| 4 | Однос на добивката за деловната година и приходите од редовното работење (во % со една децимала) | 12.9 | 11.4 |
| 5 | Однос на добивката за деловната година и финансиските приходите (во % со една децимала) | 8.507,4 | 2.274.8 |
| 6 | Однос на загубата за деловната година и финансиските приходите (во % со една децимала) | 0 | 0 |
| **V** | **ЛИКВИДНОСТ** | | |
| 1 | Моментална ликвидност-однос меѓу паричните средства и хартиите од вредност и краткорочните обврски (во % со една децимала) | 49.3 | 25.5 |
| 2 | Тековна ликвидност- однос меѓу тековните средства намалени за залихите и краткорочните обврски (во % со една децимала) | 337.0 | 207.6 |
| 3 | Општа ликвидност- однос меѓу тековните средства и краткорочните обврски (во % со една децимала) | 481.0 | 356.5 |

Основни фактори и околности кои влијаеа на работењето и резултатите од истото во 2023 година беа:

**Негативни**

- неизвесно економско опкружување и нестабилен пазар за нашите производи и побарувачка на истите.
- работење во тешки и неизвени околности, и недостик на работна сила.

**Позитивни**

- стабилизирање на цените на материјали и суровини. Посебно набавката на основната суровина-картон, за кој требаше во 2022 година најава 3-4 месеци однапред , во 2023 година беше потребно 1 месец.

-подобрување на квалитетот на нарачките (поголеми налози кое повлекува намалување на трошоците на производство)- флексибилноста на работењето на АД во сите сегменти, ја зголеми довербата на нашите купувачи во поглед на роковите на испорака и квалитетот на производите.

-посветеност за обезбедување на доволен обем на работа и одговорно извршување на работните задачи на поголемиот дел од вработените.

-подобрување на свеста кај вработените и нивно мотивирање за зголемување на нивниот деловен ангажман , со воспоставување на мрежно раководење и инволвирање на сите вработени се во насока на постигнување на подобри резултати..

-максимални напори за обезбедување парични средства за навремено подмирување на обврските спрема државата и вработените пред се, а и тековно надмирување на обврските спрема доверителите.

-во 2023 година имаше инвестиции и тоа во Машина  за уве лак, Машина за штанцање, Машина за лепење дополнување со панели на Фотоволтаичната електрична централа, поставување на епоксиден под во Офсет, Фасаден лим. Се постави нова компјутерска мрежа и континуирано обновување на компјутери по потреба.

Посебно влијание на секој од споменатите фактори тешко може прецизно да се процени , но со комбинирање на мерки и соодветна деловна политика од страна на раководството, друштвото се стреми кон поуспешно работење.

## ПОЛИТИКА НА ВЛОЖУВАЊА ВО ДРУГИ СУБЈЕКТИ

Одборот на директори на АД Фустеларко борец, Битола не планира поврзување со други субјекти во догледно време пред се поради тоа што нашето производство е технолошки заокружен процес за познат купувач и е прилагодено на потребите на истите.

## ПОЛИТИКА НА ДИВИДЕНДИ

Во последните години друштвото води позитивна политика за исплата на дивиденти, а со тоа се остварува основната цел на едно акционерско друштво да има профит и остаток (дивиденда) како лична цел на секој акционер.

Во текот на 2023 година исплатена е бруто дивиденда во износ од 10,756илјади денари по одлуки на собрание.

## ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО

Одборот на директори во минатата 2023 година за тековното работење и одржување на постојните средства користеше претежно сопствени ликвидни средства.
АД Фустеларко Борец има Долгорочен договор за деловна соработка со Шпаркасе банка Скопје. Во Мај 2021година подигнат е под-кредит во износ од 300.000еур со рок на враќање 96 месеци, за машина Офсет Хајделберг. За обезбедување на кредитот има рачен залог на Машината. Искористен е краткорочен револвин кредит и истиот е вратен во 2023година. За надградбата со панели на Фотоволтаичната центарала во Септември 2022 година е подигнат под-кредит од 99.088еур со рок на отплата 32 месеци.

## ПОЛИТИКА НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ

Во нормалниот тек на спроведување на деловните активности Друштвото е изложено на повеќе различни ризици со различен степен на изложеност и тоа пазарен ризик (ризик од курсни разлики, каматен ризик и ценовен ризик), ликвиден и кредитен ризик.

Управувањето со ризиците на Друштвото опфаќа идентификување, следење, мерење и нивно управување. Поради тоа Друштвото има воспоставено режим за управување со ризиците на кои е изложено, соодветно на природата, големината и сложеноста на активностите кои ги врши.

АД Фустеларко Борец со својата дејност не спаѓа во фирми на кои може да влијае работењето (пропаѓањето) на банките, берзите, и слично, бидејќи нашите производи не се од стратешки карактер за стопанството во земјата и опкружувањето во кое работиме. Меѓутоа, нашето производство е многу зависно од висината на животниот стандард на населението бидејќи амбалажата која ја изработуваме е за производи за широка потрошувачка.

Политиката на управување со ризикот која беше водена во претходните неколку години покажа солидни резултати во поглед на обезбедувањето на ликвидноста, и навремено обезбедување на репроматеријали, како основа за сигурно и континуирано работење.

Кредитниот ризик, како ризик од загуба на пари поради неможност за наплата на побарувања и заеми постои и Друштвото само изнаоѓа методи и начини со кои ги гарантира своите побарувања и нивна наплата, со цел да се има и квалитетна, а не само квантитетна реализација, од која во крајна линија зависи опстанокот на друштвото.

Поголемиот дел од приходите од производство во 2022година друштвото ги остварува со продажба на производи на домашен пазар (60% од вкупната реализација), а учеството на продажбата на странски пазар е зголемено за 71% споредбено со минатата година. Врвни купувачи кои учествувале со реализација над 10 милиони денари се Цермат Битола, Лутхман Бацклунг фоодс Битола, Макпрогрес Виница, потоа Дониа Прилеп, Инако мак Прилеп на домаШен пазар, а на странски пазар Лири Косово, Мира-групација КраШ БиХ, БГ Продукт Србија, Концерн Бамби Србија.

Тие во вкупната реализација учествуваат со околу 50% од истата и поради тоа спрема тие купувачи се постапува со посебно внимание, следење на нивните потреби во врска со испорака, квалитет и цени на нивните производи.

## ПОЛИТИКА НА ГОЛЕМИ ЗДЕЛКИ

Согласно член 455 и 456 од Законот за Трговски друштва големи зделки се сите оние (вклучувајќи без ограничување, заем, кредит, залог, гаранција или меѓусебно поврзани зделки) со кои се стекнува или оттуѓува имот на друштвото чија вредност изнесува над 20% од книговодствената вредност на имотот на друштвото. Такви зделки нашето друштво во изминатата година немаше.

Што се однесува до зделки со заинтересирана страна, согласно член 457,459 и 460 од Законот за трговски друштва, Трговските друштва Мал Метропол од Битола и 6-ти Мај од Скопје се јавуваат како капитално поврзани странки со значајно учество во АД Фустеларко Борец. Како добавувач се јавува 6-ти Мај во извештајната година.

## РАЗВОЈ НА ДРУШТВОТО

Основна дејност на АД Фустеларко борец е изработка на картонска амбалажа.

Технолошките можности на нашето Друштво се подоходовни за изработка на големи серии на производи за купувачи од тутунска, прехрамбена, текстилна индустрија. Од друга страна, конкурентноста на нашето производство станува ограничена, како технолошки така и географски. Во последните години во производниот процес и нови технологии се инвестирана малку позначително, со што се очекува да се поврати дел од пазарот што во изминатиот период се изгуби, а и стекнување на нови купувачи,

меѓутоа географската положба (оддалеченост) од големите пазари заради големи трошоци на транспортот при набавка и испорака на материјали не дозволува поврзување со стратешки големи купувачи, чии производи се пласираат на пазарите во Европа.

Друштвото континуирано ги следи потребите на веќе постоечките купувачи, а и потенцијалните, а тоа значи и понатамошно инвестирање во нови посовремени технологии и флексибилност во работата.

Во извештајната 2023 година се зголемување на производството со Лутхман Бацклунд фоодс продуцтион Битола, и солидно производство со Бамби Србија.

Во тековната 2024 година во тек се преговори со Банини Кикинда Србија .

Имајќи го во предвид фактот дека задоволен купувач значи поволна клима за зголемување на нарачка и производство, се користат разни инструменти за мерење на нивното задоволство, преземање на мерки за анулирање на проблеми , водени од фактот дека секогаш можи подобро и повеќе. Секоја година се врши анкета на постоечките купувачи за квалитетот на испорачаниот производ, а резултатите покажуваат дека 90% од испитаниците се задоволни од квалитетот. Тоа се докажува со малиот број на рекламации во изминатата година.

Во 2022 година Друштвото отпочна со производство на електрична енергија со фотоволтаици за сопствени потреби. Во 2023година дополнително се инвестираше во фотоволтаици. Неискористената електрична енергија се пласира на македонскиот пазар. Од причина што обемот на производство на електрична енергија е мал, нема потреба од одвоена сметководствена евиденција.

Во 2024 година се продолжува со

## ПРИМАЊА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ

Извршните членови на Одборот на директори се од редот на вработените лица во АД Фустеларко Борец, со конкретни права и обврски според Систематизација на работни места, за што имаат склучено Договори за вработување како и сите други вработени лица во друштвото- без посебни привилегии и бенифиции заради членство во Одборот на директори.

1.Љубе Петковски-Генерален извршен директор, вработен во АД Фустеларко Борец Битола. Во 2023година на име плата и други надоместоци примил бруто износ 1.223.190,00ден. Како член на Управен одбор во Заедницата за заштитни друштва на Македонија-Скопје, во 2023 година на име надомест примил бруто износ 150.000,00ден.

2.Сашо Чатлески-Извршен член на Одбор на директори, Управител на друштвото за производство и трговија 6 мај Скопје, во 2023 година на име плата и други надоместоци примил бруто износ 1.118.974.00ден.

Од неизвршните членови , еден е вработен во друштвото, а двајца се надворешни членови. Членувањето во Одборот на директори на ниеден од нив не му обезбедува никакви бенифиции и надоместоци.
1.Јане Петковски-Претседател на Одбор на директори. Управител на трговското друштво за производство, услуги и трговија Јан Комерц ДООЕЛ Битола, во 2023 година на име плата и други надоместоци примил бруто износ 623.728,00ден. Нема надоместоци во други друштва.
2.Сашо Ѓоревски- Неизвршен член на одбор на директори,
вработен во АД Фустеларко Борец Битола. Во 2023 година на име плата и други надоместоци примил бруто износ 1.118.585,00ден. Нема надоместоци во други друштва.
3.Томе Трајкоски-Независен неизвршен член на одбор на директори,во 2023 година има примања по основ на пензија во нето износ околу 500.000денари. Нема надоместоци во други друштва.

## ПОРАКА НА ИЗВРШНИОТ ДИРЕКТОР НА ОД

Имајќи во предвид дека позитивни резултати на работење се добиваат само со тимско работење не само на менаџерите од прв ред во една фирма, туку и со голем ангажман на менаџерите од втор ред како и сите вработени, неоспорен е фактот дека заслугата за добрите резултати е на сите вработени.

Во нашето Друштво, полека но сигурно се воспоставува флексибилен организациски облик на раководење, со способности и вештини во тимското работење, заеднички работен јазик, кој резултира со поврзано, координирано работење, како основа за остварување на основните цели.

Основната порака упатена до акционерите во нашето друштво е да имаат доверба во раководството, кое и понатаму максимално ќе се ангажира за што поуспешно работење, отворање на нови развојни можности на друштвото, создавање на поволна бизнис клима, а со самото тоа и зголемување на профитот на друштвото.

## ПРЕДЛОГ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА

Резултатите по завршна сметка покажаа добивка од 49.957.172,00 денари.

Согласно член 485 Законот за Трговски друштва, 5% од добивката се распоредува на законски резерви во општ резервен фонд , односно износ од 2.497.859,00 денари.

На име на бруто дивиденда се издвојува износ од 14.341.800,00денари (71.709акции*200ден), односно 200,00 денари бруто дивиденда по акција.

Остатокот од нето добивката во 2023година во износ од 33.117.513 ,00 денари се акомулира.

## ИЗЈАВА ЗА ПРИМЕНА НА КОДЕКС ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

АД Фустеларко Борец Битола го применува Кодексот за корпоративно управување на котираните акционерски друштва. Овој кодекс е достапен до јавноста на официјалната веб страна на Македонска Берза за хартии од вредност mse.mk.

Органот на управување го применува корпоративното управување во кодексот, при тоа повикувајќи се на принципите на остварување на правата и интересите на акционерите, на транспарентност, општествена одговорност, ефикасно управување, поделба на надлежности и ефикасна контрола и ревизија, принципи на спроведување на закони, етички и морални стандарди, информирање и односи со јавност, заштита на деловни информации и забрана за конкуренција.

Корпоративното управување се применува без отстапувања од правилата во кодексот.

ФЕВРУАРИ 2024

(ЉУБЕ ПЕТКОВСКИ)

Генерален извршен директор